**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-220/8**

**Скопје, 14.06.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на општина Кавадарци за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на општина Кавадарци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Панчо Минов, Градоначалник на општина Кавадарци во 2006 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 24.04. 2007 до 27.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на

Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Состојбата на сметката на Наменски дотации на општина Кавадарци на 31.12.2006 е преценета за 251 илјада денари, поради погрешно пренесување на крајното салдо од извод 13 како почетно салдо на извод 14. Надлежните на општината не превземале мерки за таа грешка да биде корегирана, што резултира на крајот на годината салдото прикажено во книговодствената евиденација да не согласува со реалната состојба на сметката, состојба која е пренесена и во 2007 година.
**Препорака:**
Поради тоа што состојбата на сметката не е релана ревизијата препорачува надлежните на општината да превземаат соодветни мерки за регулирање на истата.

10.1.2. На сметката на Наменски дотации на општина Кавадарци на 31.12.2006 година има салдо од 1.377 илјади денари. Овие средства не се потрошени за намените за кои се дотирани, согласно финансиските планови на корисниците и согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, иако буџетската година е завршена. Причина е неусогласеноста на плановите на корисниците според одобрените средства и потребите. Истото не можело да се изврши преку системот на трезорско работење, поради што останало салдо непотрошени средства. Овие средства се планирани во буџетот за наредната фискална година. Непочитувањето на законските прописи придонесува да на сметката за наменски дотации има салдо на 31 декември .
**Препорака:**
Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани и согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

10.1.3. Во буџетот на општина Кавадарци согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоупрва се остваруваат приходи по основ на наменски дотации на посебна трезорска сметка. Со состојба на 31.12.2005 година не е изготвена годишна сметка за сметката за наменски дотации кое е спротивно на одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Според евиденцијата од сметководството на оваа сметка остварен е вишок на приходи во износ од 687 илјада денари.
Непочитување на Законот за сметководство го оневозможува навремено систематизирање и утврдување на податоците од сметката за наменски дотации, увид во билансните позиции и финансиските извештаи и доставување на истите до надлежните институции во Република Македонија.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1.1. и 10.1.3. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба

на Сметката за наменски дотации на општина Кавадарци на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници, ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје, 08.06. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ЕЛС КАВАДРЦИ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 27,452 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **27,452** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 5,564 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 19,081 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 1,096 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **25,741** | **0** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 334 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **334** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **26,075** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **1,377** | **0** |

**НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ЕЛС КАВАДРЦИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 1,377 | 687 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 435 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,812** | **687** |
| **Вкупна актива** | | **1,812** | **687** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1 | 184 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.2 | 251 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3 | 1,377 | 687 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,812** | **687** |
| **Вкупна пасива** | | **1,812** | **687** |